# З А П И С Н И К

од вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 15.02.2021 во 18:30 часот, по пат на електронска платформа.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 8 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за вториот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од првиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2021 година;
3. Предлог за измена и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци на АЕК;
4. Предлог за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК;
5. Предлог за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК согласно К-5 програмата;
6. Барање согласност за превземање на административни службеници согласно К-5 програмата;
7. Предлог за измена и дополнување на Статутот на Агенцијата;
8. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од првиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, предлог измена и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци на АЕК беше разгледан и образложен од страна на Директорот на Агенцијата и откако се утврди дека нема никакви пречки за ваквата измена, членовите се согласија за ваквиот предлог за измена на Правилникот за плати и други надоместоци на АЕК.

Во врска со точка број четири, Предлог за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК согласно Уредбата донесена од Владата во врска со вработени кои се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место, откако беше дискутирана од членовите, се даде согласност за ваквата измена.

Во врска со точка број пет, Предлог за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК согласно К-5 програмата беше разгледана измената и дадена согласност.

По однос на барањето за согласност за превземање на административни службеници согласно К-5 програмата, бидејќи е согласно предходно дадената согласност, беше одобрено ова барање од Комисијата на Агенцијата и се задолжија службите да постапат по предходните точки и да ги испратат на одобрување до надлежното министерство.

По предлогот за измена и дополнување на Статутот на Агенцијата беше образложено од Директорот на Агенцијата дека е усогласување на Статутот согласно важечките закони, по што се побара одложување на оваа точка за наредниот состанок на комисијата, за детално разгледување на предлогот и статутот воопшто.

Под точката Разно, немаше дискусија.

Седницата заврши во 19:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Дешира Имери, член ___________________________

Ервин Реџепагиќ, член ________________________